ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **07.08.2023 година** во 08:30 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, секретар на Општина Крива Паланка **Мартин Николовски,** раководител на сектор за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфраструктура **Маја Костадиновска ,** раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски** , раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** в.д директор на ЈП „Комуналец“ **Александар Стојчевски**, **с**оветник за јавни набавки и работи за седници на Совет **Биљана Тасевска, с**оветник за правни работи и застапување **Сања Стојановска** и **Драган Цвијовиќ**-поддршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиумот со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар на Општина Крива Паланка</u>**

Задолженија на Секретарот на Општина кои треба да ги изврши во наредниот период , а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година.

**1.**Да се дадат насоки на раководителите на одделенија за отпочнување на изработка на годишните оперативни програми за 2024 година. На одделението за финасии и ЛЕР да се дадат насоки за организирање на Буџетски форум

**2.**Да се организира финален состанок по однос на сите пристигнати барања за штети од невремето од граѓани и месни заедници и увид со комисијата за помош во градежен матријал

**3.**Иницијатива еден денар за спорт (да се изнајде можноста да се вметне во новите годишни оперативни програми)

**4.**Да се следи и кординира реализацијата на проектот со Р.Србија, град Лесковац

**5.**Корегирање и надградба на системот за електронска евиденција на работното време и набавка на нова дополнителна опрема за целосна контрола на работното време

**6.**Да се види можниот начин за решавање на проблемот со сметките за вода и прекумерното трошење на вода во општинската зграда

**7.** Да се види правната можност за превземање на градежната машина во заедничка сопственост со Општина Ранковце и Општина Кратово

**8.**Да се разгледа можноста за утврдување на такса за тешки товарни возила по примерот на општина Куманово

**9.**Со А1 Македонија да се разгледа можноста за блокирање на пристапот јутуб каналот и останатите интернет страни на вработените во општинската администрација

**10.** Да се следи по укажувањето од извршената контрола од страна на инспекторот за животна средина, по распределбата на задолженијата проследени до раководителите за изготвување на потребните акти

-Тековни активности.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Задолженија за раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

**1**. На проектантските куќи да се направи целосен притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

**1. Параметар**

- Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци,водовод Калин Камен

- Ученички Дом Боро Менков

- Старечки Дом Боро Менков

- 3Д презентација на централна градска улица

- уредување на простор под зградите во Единство ( делење во фази )

**2. Аква**

-Водовод Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе

**3. МГ Проект**

-Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница

- Налог за детски катчиња ( Домачки дол, Калин камен, Облаче, Белево,игралиште касарна , во село Конопница кај Паднени Бандери ) не отпочнато со работа

-Налог за уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течението на Крива Река+ осветлување на Крива Река, осичка мала)

-Да се обезбеди техничката документација за централната главна улица од Единство до ресторан Облаче и истата да се аплицира за одобрение за градба

**4. Еуро Роад**

- Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала) по стар договор

- проектирање на потпорни стени ОУ Илинден-Пролетер

-Нов налог по новиот договор за реконструкција и рехабилитација на локални улици

**2.**Извештај во писмена форма по однос на постапката и динамиката на Генералниот Урбанистички План и Деталните Урбанистички Планови кои се во постапка

Урбанистичко планска документација

1. ГУП- ревизија МТВ
2. 13-В Јавна Анкета
3. 10-А Јавна Анкета
4. УП Викенд населба Калин Камен ( почетна фаза)
5. Депонија за инертен отпад- Инпума

**3.**Да се започнат подготовки за водење на постапка за продажба на парцелите на Калин Камен и Треска

- Одлука на Совет- Програма за продажба на Градежно неизградено земјиште

- нови елаборати за нумерички податоци

- нови записници од Комисија за увид на лице место

- позитивно мислење од ЈП Комуналец и ЕВН Македонија

**4.**Слаб учинок на комисиите по однос на предметите за легализацја на безправно изградените објекти

**5**. Да се биде во комуникација со ГИМ за изготовка проектна документација за изградба на локален пат село Конопница Спас-Крст

**6**. Да се стави фокус и приоритет на обезбедување на одобрение за градба за реконструкција и изградба на Старечки и Ученички дом во просториите на Боро Менков. Да се проследи информација до МОН, за да се отпочне постапка во Влада за доделување на сопственост на Општина Крива Паланка

**7.**Да се види со димензија 360 и со проектантската куќа која е ангажирана и беше на состанок во Општина Крива Паланка за проектирање на детски катчиња. Геодетски снимања и се останато што треба да се превземе за да започнат со работа

**8.** Да се распише повик за изнајмување на штандови за предстојните празници на следниве локации

- куќички градски плоштад, штандови спортски комплекс, штандови на улица Јоаким Осогвски од Осички Мост до плинара

**9.** Да се нарача сообраќаен елаборат за времен режим на улица Јоаким Осоговски за предстојните празници

**10.** Да се организираат неколку акции за заловување на кучиња до пред празникот на градот.

-Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Задолженија за одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

-Тековни активности.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Задолженија за одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

**1. На проектантските куќи да се направи целосен притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:**

**1. Параметар**

- Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци,водовод Калин Камен

- Ученички Дом Боро Менков

- Старечки Дом Боро Менков

- 3Д презентација на централна градска улица

**2. Аква**

-Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе

**3. МГ Проект**

-Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница

- Налог за детски катчиња ( Домачки дол, Калин камен, Облаче, Белево,игралиште касарна ) не отпочнато со работа

-Налог за уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течението на Крива Река+ осветлување на Крива Река, осичка мала)

- Да се обезбеди техничката документација за централната главна улица од Единство до ресторан Облаче и истата да се аплицира за одобрение за градба

**4. Еуро Роад**

- Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала) по стар договор

- проектирање на потпорни стени ОУ Илинден-Пролетер

-Нов налог по новиот договор за реконструкција и рехабилитација на локални улици

**2.**Со фирмата КООП и Комуналец да се искординира промената на азбесните цевки во населба Илинден улица Наско Тамбурков непроменета

- Со Дине трејд да се организира тампонирање и со Лабино набивањето на ровот и прекопите

- Рок на завршување на градежните активности е 25.08.2023. На 28.08.2023 свечено пуштање во употреба

**3**. Фирмата Белешков да започне со градежни активности по дадениот налог за работа

- Потпорен зид игралиште Мождивњак

-Потпорен зид Трновска мала

- Потпорен зид Калин Камен

-Скали Трновска Мала

-Бети советничка

-Поправка на калдрмите во трновска мала и Чука

**4.** Со фирмата Лабино да се следат и кординираат следниве градежни активности

**-Тековно одржување**

1. Крпење на ударни дупки
2. Дел од улица Ристена Гогова
3. Санација на дупките на градски пазар
4. Улица Панче Пешев

Со овластување одговорен ДГИ Стевче Христовски

- Изградба на улица Ристена Гогова ( незавршени делови + потрупани шахти )

Со овластување одговорен ДГИ Александар Николовски

**- Биро за регионален развој ( подизведувач на КООП инжинеринг )**

1. Улица Осоговска
2. Улица Климент Охридски
3. Улица Македонска ( по изградбата на атмосферската канализација)

Со овластување одговорен ДГИ Марјан Алексовски

**5**.Да се следи реализацијата и динамиката на изградбата на патот во село Кркља и можните проблеми во тек на градба ( изведувач Цвет Компани)

- Тампонирање, местење на пропусти ,промена на пукнатите цевки подготовка за асфалтирање

Краен рок на завршување на градежните активности 25.08.2023. Свечено пуштање во употреба 28.08.2023 година

**6.** Да се постапи по неодговорените барања од граѓани по однос на штетите од невремето да се даде соодветени одговори да се направи еден табеларен преглед по однос на истите( санација на земјени патишта/ обезбедување на материјал)

1. Барања од месни заедници- со решение на секретар
2. Барање за штети од граѓани- со интерна внатрешна процедура на комисијата

**7.**Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 по планот за јавни набавки

1.Набавка за надзор на градба

2.Набавка за обезбедување на проектна документација за изградба на колекторски систем и пречистителна станица

3.Набавка на градежни матријали за потребите на Општина Кр.Паланка

4. Набавка на изградба на Пум така

**8.**Да се воведе во работа фирмата Борос за тампонирање на селски пат во населба Мизовски ливади

**9.**Да се координира и следи работата на механизацијата на

- **Инжинерскиот вод**

булдужер село Жидилово- грејдер село Дрнк, село Дурачка Река

- **Македонија пат**
- Кркља,Огут,Нерав,Градец,Борово,Габар,

  - Конопница црква, Спас-Крст,Борово,Мартиница,Дренак

- **Дине трејд**

село Трново,Киселица,Црвена, тампонирање ров во населба Илинден, детско игралиште во населба Илинден

**10. Задолженија за Аце Голубовски**

1.Да се постават на паркингот Единство уште 4 бандери со светло

2. Да се променат изорените уличини светилки на Бабин Дол пешачка патека и топките на пешачката патека покрај Крива Река

3. Осветлување на улица Јоаким Осговоски со две дополнителни бандери после плинарата

4. Осветлување на споредниот пат до гимназија

5. Осветлување на стара вада

6. Да се направи контрола на струјомерите на куќичките на градскиот парк

7. Промена на изгорени зелени рефлектори

8. Манастир Јоаким Осоговски падната бандера

9. Домачки дол да се постапи за да се падне бандера

**11.**Фирмата Стоименов да ги заврши сите активности по однос на изградбата на тротоарите и пешачката патека Стара вада укажани во записникот од Општина Крива Паланка . Да се испрати официјален записник уште еднаш и да се укаже на сите незавршени работи. Да се постапи по насоките на надзорниот орган за преасфалтирање на дел од улица св.Јоаким Осоговски. Да се заврши со активности пред празникот

**12**.Да се биде во кординација и постојана комуникација со фирмата фабрика Карпош и Ленди груп за изградбата на спортскиот терен во село Мождивњак. Припрема на теренот за отпочнување со градежни активности

**13.**Спецификација за водоводна линија во школото во село Градец

**14.**Да се започнат подготовки за водење на постапка за продажба на парцелите на Калин Камен и Треска

- Одлука на Совет- Програма за продажба на Градежно неизградено земјиште

- нови елаборати за нумерички податоци

- нови записници од Комисија за увид на лице место

- позитивно мислење од ЈП Комуналец и ЕВН Македонија

**15.** Со Дине трејд да се координира уредување на детското игралиште во населба Илинден. На Јп Комуналец да се дадат насоки за сеење трева на фудбалското игралиште

**16.** Фиримите Стоименов и Лабино да постапат по однос на забелешките од надзорниот орган

**17.** Да се подели проектната документација за уредување на просторот под зградите во населба Единство на повикот за Урбано Зеленило

**18.** Да се направи вовед во градежните активности на Цвет компани за регулација на Домачки Дол

19.Да се спреми одлука за Совет за приоритет на апликации животна средина и мостовите тав проекти

20.Да се види околку локалниот пат дурачка река

21. Задолжение за Аце и Душко да се обележи патот кон манастирот

- Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Задолженија за одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

-Тековни активности

**<u>Одделение за Локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Задолженија за одделение за локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

**1.** Изготовка и печатење на турустучки водич на Општина Крива Паланка

**2.** Изготовка на 3Д визуелен водил на Крива Паланка
Да се закаже термин за промоција и презентација на турустичките водичите

**3.** Организација на следниве битни настани во месец Август

-Фудбал за сите од 18.08.2023 до 23.08.2023

-Фолкорен меѓународен фестивал 23.24.25.08.2023

- Фестивал на храна 29.08.2023

Организација на настан фестивал на храна и вино 29.08.2023. Работен состанок со МЗШВ за концептот на фестивалот и превземање на конкретни чекори. Да се изготват писма со покани до Алисјанса за храна и слоуфуд Македонија, мали семејни винарии, мали семејни дестелерии, за да земат учество на настанот

Да се работи на апликацијата за cross boredr повикот со Бугарија и да се реферира по однос на истата по однос на вториот повик за Урбано зеленило со Општина Дупница

**6**. Подготовка на меѓународниот театарски фестивал

- Подготовка на монографија
- Видео запис од првиот до последниот
- Предлог концепт на претстави и финасиска рамка
- Термин на одржување од 02.10.2023 до 08.10.2023

**7.**Да се подготви барање до ЕВН за нов постојан прикучок на градскиот стадион за фестивалите и за гостите од Франција

**8.**Да се следи и кординира постапката за набавка и поставување на пум трака преку УНДП

**9**. Да се следи и кординира постапката за распшување на повик за проектна документација преку УНДП

**10.** Да се следи и кординира постапката за набавка на фотоволтаиции на 5 јавни институции

11. Да се испита можноста за обезбедување на дополнителен мемориски простор хард диск (icloud) за постојана база на информации и податоци

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за одделение за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

**1.**Да се организира работен состанок во МИО околу постапката за новата организација на Општина Крива Паланка

**2.**Извештај по однос на предметите за експропријација

**3**. Да се изготви предлог договор со услови за давање под наем на просторијата за потребите на АКН

**4.**Договор за изнајмување на вц кабини за градски парк, плоштад и спортски комплекс за фестивалите

**5.** Да се закаже Седница на Совет на 31.08.2023 година

**6.** Анекс на договорот за изнајмување на градскиот базен

**7**.Да се даде укажување до шефот на возен парк за контрола на исправноста на возилата и хигиената

**8**. Да се одземат и поништат сите овластувања за користење и возење на општински возила. Во наредниот период ќе се даваат наменски.

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

**1.**Да се координира со работата на механизацијата на

- **Инжинерскиот вод**

  Булдужер село Жидилово, грејдер село Дренак, село Дурачка Река

- **Македонија пат**

  Кркља,Огут,Нерав,Градец,Борово,Габар,

  Конопница црква, Спас-Крст,Борово,Мартиница,Дренак

- **Дине трејд**

  Село Осиче,Трново,Киселица,ЦрвенаНива

**2**.Комуналниот инспектор да направи увид на целокупната состојба со хигиената на терен и да даде задолженија и писмени препораки на ЈП Комуналец

**3.** Да се изготват писмени наредби на комуналните редари за теренска контрола на јавната хигиена и контрола на работата на ангажираните работници од Општина Крива Паланка. На ангажираните работници да се даде задолжение за работа во сабота и недела од 07:00 часот до 09:00 часот за метење на централната градска улица,парк,плоштад

**4**.Да се види околу аплицирање на повикот за најчист град во месец Септември

**5**.Да се види околу повикот за ангажирање на работници за вршење на јавни работи со Агенција за вработување( план за чистење на каналите, пропустите, сливниците, шахтите)

**6.**Писмено да се укаже на маркетите за селекција на ѓубрето и неконтролираното полнење со отпад на контињерите, укажување и за поставување на кошеви за картонскиот амбалаж.

**7.** Работниците ангажирани од Општина Крива Паланка да се потпишуваат секој ден со почеток и завршување на работното време. Да се има целосна контрола на целокупните активности

**8**. Да се проследи допис до градоначалник по укажувањето на испекторот за животна средина кои се забелешките и актите што треба да се изготват

9. Да се дадат насоки на ЈП Комуналец список кои споредни улици да се чистат

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

## ЗЕЛЕНИЛО

1. Машинско косење на целото речно корито до бензинска пумпа Макпетрол од двете страни косење со тример на површините кои неможат машински да се окосат
2. Искосената трева од речното корито да се тргне од зелените површини
3. Косење на косината кај Кожара тротоарот кај Кожара
4. Во речното корито да се пушти постојано системот за наводнување
5. Уредување на голф игралиштето на речното кориото со садење на цвеќе и грмушки
6. Со цистерната секојдневно наводнување на дрворедите на главна улица и тревата во Бабин дол
7. Со водовод да се види можноста за наводнување на Бабин дол
8. Косење и кастрење од гранки на патот до Калин Камен и манастир
9. Секојдневно наводнување на цвеќињата во цветните фигури
10. Кастрење гранка метролошка
11. Пумпите да работат на оние зелени површини од речното корито каде што нема поставено црево за наводнување
12. Да се уреди срцето на речното корито кое е однесено од невремето и поплавите

13. Косење на споредни улици според укажување на инспекциското одделение. Да се искординираат заеднички
14. Косење на спортскиот комплекс косината и речното корито
15. Да се доврши чистењето на патот до манастир

## ХИГИЕНА

**Работи кои не се извршуваат**

1. Незадоволителна организација и теренска контрола на метењето на јавните површини Одговорните лица од ЈП Комуналец не вршат теренска контрола
2. Сериозни намерни пропусти во редоследот на собирањето на смет и ѓубре од контињерите. Да се даде писмено укажување до шоферите. Последната недела состојбата е катастрофална
3. Сеуште нема возило ѓубрарка кое дежура во недела. Да се даде писмена наредба
4. Не се врши метење под површините на контињерите
5. Метларката на Брако не работи редовно и работи со половина работно време односно 2 до 4 часа дневно
6. Правосмукалките не се во функција повеќе од еден месец.Да се стават во функција ургентно
7. Да не се даваат користење на годишни одмори на метлачите во месец август и септември
8. Тракторската метларка сеуште не ставена во функција и метење на споредни улици
9. Да се дислоцираат контињерите кај Градски музеј

## ОПШТО

1. Едниот скип и камионот да биде ангажиран во уредувањето на просторот кај Болничка ливада
2. Другиот скип да биде ангажиран во населба Илинден за промена на азбесните цевки
3. Доцнење и порано заминување од работно место ( нема никаква одговорност ниту кај раководителите ниту кај вработените)
4. УРГЕНТНО оваа недела мора да се заврши со промената на цревото во населба Илинден. До 25.08.2023 мора да се асфалтира. На 26.08 е закажана посета на министер Благоја Бочварски
5. Да се сервисираат двете расипани ѓубрарки и да се стават во функција по месечен распоред
6. Не се води евиденција и контрола со работното време. Доцнење и порано заминување од работните места. Пиење кафе и криење по малските продавници.

**ЛУ Градски Музеј**

Задолженија за ЛУ Градски Музеј кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

-Тековни активности

**ЈП Калин Камен**

Задолженија за ЈП Калин Камен кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 07.08.2023 година

1. Да се направи уште еден обид за состанок со станарите и граѓаните за запознавање со пуштањето во функција на зонското паркирање, да се разгледа доколку имаат некои забелешки

2.Да се направи работен состанок за зонското паркирање и со советниците околу можни забелешки

3. Да се види околу почнувањето на изработка на планот за јавни набавки на претпријатието

4.Актите што се ставени на јавен увид за зонското паркирање да се постапи доколку има забелешки по јавниот увид

5. Да се организра уште еден состанок со Бизнис заедницата за запознавање со правилниците на зонското паркирање

6. Да се организира работен состанок со МВР за усогласување со сообраќајниот проект за зонско паркирање

7. Да се стави на јавен увид правилниците и повер поинт презентацијата за зонско паркирање

-Тековни активности

**07.08.2023 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**